Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-145/9

14-03-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 145 од 03.03.2022 година, поднесена од [redacted] против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 14.03.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За запирање на постапката**

О б р а з л о ж е н и е

На 03.03.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, [redacted], за извршена дискриминација по основ на етничка припадност во областа на работа и работни односи.

Подносителот во претставката набројувајќи ги органите до кои претходно се обратил за заштита од дискриминација, навел дека има поднесено тужба за заштита од дискриминација пред Основниот граѓански суд Скопје.

Имајќи ја предвид ваквата информација, Комисијата за сречување и заштита од дискриминација на 09.03.2022 година поднесе барање за доставување податоци и информации до Основен граѓански суд Скопје.

На 14.03.2022 година во архивата на Комисијата пристигна известување од Основен граѓански суд Скопје, во кое е наведено дека во судот е заведена тужба РО-1094/20 во која како тужител се јавува лицето [redacted], а како тужени се Министерството за одбрана, [redacted] по основ дискриминација.

Согласно член 27 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката.“*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Скопје
14.03.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]